# ИЗВЕШТАЈ

**ОД СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПЕРИОД ОД 2021-2023 год.**




**АВГУСТ, 2023 год.**

## УЧИЛИША КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

1. Снежана Узунова- стручен соработник ( психолог)
2. Магдалена Василева – стручен соработник(педагог)
3. Трајанка Колева –професор по граѓанско образование
4. Љубинка Цветанова – одделенски наставник
5. Даниела Митева - одделенски наставник

## 1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење,анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.
Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања :
• Колку е добро нашето училиште?
• Како го знаеме тоа?
• Што може да направиме да бидеме подобри?
Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

### 1.1 Цели на самоевалуацијата:

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.

- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.

- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти: директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.

- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.

- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.

- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.

- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.

- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на воспитно-образовниот – процес во училиштето.

- Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

1.2. Процес на самоевалвацијата

**Шематски приказ на процесот на самоевалвација**



**РЕЗИМЕ ОД**
**ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

Врз основа на член 129, став 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ 161/91 - 2019г.) Тимот за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Маршал Тито “ Струмица, за периодот од 2021година до 2023 година, изврши самоевалуација на работата во училиштето.

Во текот на работата, тимовите оствconfigurација средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Исто така беа спроведени анкети со учениците, наставниците, директорот,стручната служба и родителите. Сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите подрачја на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување, од кои ќе произлезат целите при иготвување на Развојната програма на училиштето. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за

унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во се помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.
Извештајот од спроведената самоевалуација претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, во кој се опфатени сите четири подрачја и тоа:
.

**ПОДРАЧЈЕ 1: ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ**

**ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

**ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА**

**ПОДРАЧЈЕ 4: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ**

За секое подрачје беа определени тимови составени од повеќе члена од редот на наставниците од одделенска и предметна настава што може да се види од приложената табела.

| Реден број | ПОДРАЧЈЕ | КООРДИНАТОР | ЧЛЕНОВИ |
|---|---|---|---|
| 1. | **ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ** | Ферихан Тахир | Анкица Костадинова, Ирена Ристова Стефкова, Билјана Пујуклиева, Љубица Галабовска, Елена Христова и Танкица Гошева |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** | **ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** | Хулја Дурова | Ѓургица Костадиновска, Тина Јанева, Ружица Михова, Фунда Ибраимова, Махмуре Тахир и Лилјана Дончева |
| **3.** | **УЧИЛИШНА КЛИМА** | Зоран Ѓузелов | Зоран Ѓузелов, Ленка Чиркова, Славе Ковачев, Интиша Мустафова, Мери Витанова, Бојана Здравева и Љопче Лазарова |
| **4** | **УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ** | Мејдин Усеинов | Стојанче Кировски, Валентина Христова, Марија Илева, Соња Ивановска, Љупка Глигорова, Тања Георгиева и Елена Милкова |

**ПОДРАЧЈЕ 1.**

- **ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ**

## *Индикатори за квалитет :*

**1.1 Планирања на наставниците**
**1.2 Наставен процес**
**1.3 Искуства на учениците од учењето**
**1.4 Оценувањето како дел од наставата**
**1.5 Вонаставни активности и натпревари**

**Резиме**
Воспитно-образовниот процес во ООУ„ Маршал Тито“ успешно се реализира со квалитетни планирања од страна на сите наставници, како и нивно имплементирање во процесот на наставата. При што се води сметка да се даде целосна поддршка и неопходна помош при изработка на планирањата, како и при реализација на

| |
|---|
| наставата, како од страна на стручната служба,на наставниците-ментори,така и од еден наставник  на друг. Исто така,  педагошката евиденција и електронската евиденција се води уредно. Од увидотр во Е-дневник е констатирано дека наставата во предметна и одделенска настава, по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем, според пропишаниот распоред на часови.Со тоа што како мал недостаток се смета неможноста секогаш да се задоволат желбите на сите ученици во однос на изборот на саканите предмети за изучување,како и вонннаставните активности во кои ќе бидат вклучени. При реализација планираните содржини,со мали отстапки,наставниците ги адаптираат темите спрема индивидуалните потреби на учениците и користат што е можно повече ИКТ ресурси, покажуваат флексибилност и ги прилагодува наставните методи и темпото на работа, согласно можностите на учениците. За секој наставен предмет се изготвуваат критеиуми за оценување со кои ги запознаваат учениците за на самиот почеток  на наставата. Освен учениците, со критериумите ги запознаваат и родителите. Во училиштето има кодекс на оценување со кој ги запознаваат и родителите и учениците.Секогаш даваат писмена и усна повратна информација за подобрување на постигањата  учениците. |
| **Клучни јаки страни :**<br>-сензибилизирани наставници и ученици за почитување на разликите и прифаќање на сличностите кај различните од себе<br>- препознатливи во локалната заедница за планирање и реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието<br>- единствено училиште во локалната средина со најголем број на добиени грантови од проекти<br>- учество на натпревари и добивање на значајни награди на учениците и покрај јазичната бариера која ја имаат<br>- препознатливо училиште по максималната посветеност на наставниците за професионалното информирање и ориентирање на учениците во деветто одд. |
| **Слаби страни**<br>-наставниците не се чуствуваат компетенти за изготвување на ИОП<br>- Нема пристапна рампа во тоалетите, ниту пак на скалите за втори спрат, или приземјето на училиштето (нема ученици со физички хендикеп, но не значи дека во иднина ќе нема).<br>- Нема никаков вид на асистивна технологија, ниту пак асистивни уреди.<br>- Училиштето нема стандарди за оценување на ученици со ПОП, освен некои насоки дадени од МОН, за начините на оценување на таквите ученици,<br>-недоволно познавање на македонскиот јазик(јазична бариера која го отежнува учењето), за учениците кои наставата ја следат на својот мајчин јазик-турски,  од прво до петто, а понатаму од шесто до деветто следат настава на македонски јазик |

**Приоритети**
- Организирање на обуки и семинари за подобро и поуспешно планирање и реализација на образовна инклузија .
- Обезбедување на стандарди за оценување на ученици со ПОП,
- Изградба и набавка на : пристапна рампа во тоалетите, на скалите за втори спрат, приземјето на училиштето (нема ученици со
физички хендикеп, но не значи дека во иднина ќе нема), асистивна технологија, асистивни уреди.
- воведување на македонски јазик за учениците од турската заедница, кои наставата ја следат на својот мајчин јазик - турски, од прво одд. до петто одд.(сега изучуваат само во четврто и петто)
- дополнително изучување на македонскиот јазик(вклучување на училиштето во проекти од локалната заедница, преку кои се овозможува бесплатно изучување на македонскиот јазик)

**Подрачје 2 – Постигнувања на учениците**

***Индикатори за квалитет :***

**2.1 Постигање на учениците**
**2.2 Мерки за подобрување на постигањата**

**Резиме**
Училиштето во континуитет ги следи постигањата на учениците,по сите наставни редмети во текот на целата учебна година. Постигањата на учениците во училиштето се следи преку проверка по пат на усно и писмено проверување. Учениците кои покажуваат послаби резултати во учењето посетуваат дополнителна настава, а учениците кои покажуваат поголем интерес за зголемување на своите знаења посетуваат додатна настава.
За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби и давање на евидентни листови за успех и поведение , а во поново време родителите имаат можност тоа да го прават и преку електронскиот дневник кој е во склоп на веб-порталот на училиштето . Постигањата се следат и при премин на учениците од одделенска во предметна настава за што педагошко психолошката служба има направено истражување. За подобрување на постигањата на учениците, наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари со што се постигнуваат резултати (активни методи на работа во групи, тимска работа, разговор, презентација, употреба на ИКТ во наставата, користење на интерактивна табла, одржување на отворени часови), а сето тоа придонесува часовите да се

| |
|---|
| поорганизирани.<br>Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано ги следи изостаноците, ги анализира причините за отсуство од настава и навремено презема конкретни активности за подобрување на редовноста кај учениците. Училиштето соработува со родителите и редовноста на учениците бележи тренд на подобрување. При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот.<br>Во училиштето е присутна појавата на масовно фамилијарно заминување на учениците во странство како азилантии некои од нив го прекинуваат школувањето . За оние ученици кои се враќаат во текот на годината и кои отсуствуваа подолго време за истите од страна на училиштето се организираат одделенски испити во две сесии ( јуни и август). |
| **Клучни јаки страни :**<br>-Континуирано следење на постигањата на учениците од различна полова, етичка припадност според наставни предмети подобрувања на постигнување на учениците преку редовна,дополнителна и додатна настава, како и на учениците со посебни образовни потреби;<br>- Со кабинетска настава по природни науки, нагледни средства по биологија, хемија и физика во целост имаме подобрување на наставната програма, квалитетот и знаењето на учениците кои преку експериментите кои ги надгледуваат можат да го осетат ефектот на наставната програма;<br>- Континуирано осовременување на условите за работа во училиштето (просторни и технолошки);<br>- Постигањата на учениците јавно се промовираат и истакнуваат;<br>- Училиштето има своја веб страна на која се промовираат постигањата и активностите во училиштето;<br>- Прослава на специфичен (препознатлив во средината)начин на одбележување на Патронот на училиштето. |
| **Слаби страни на училиштето**<br>- Немање на посебна просторија за средба со родителите;<br>- Мал број на наставници кои се оспособени да изготвуваат ИОП за учениците со посебно потреби.<br>- Нема доволно финансиски средства за наградување и потикнување на учениците и наставниците за постигнување на повисоки резултати;<br>- Во дел од училниците нема достапна безжична интернет конекција.<br>- Во училиштето недостасува кабинетска настава и современи нагледни средства (смарт таабли) во повеке училници со што би се подобрил квалитетот на наставниот процес и наставните часови би  биле поефикасни и учениците би постигнале поголем успех.<br><br>**Приоритети:** |

- Обезбедување на посебна просторија за средба со родителите;
- Потребно е да се обезбедат услови за кабинетска и снабдување на кабинетите со потребни надгледни средства, според Нормативите од 2019 година, донесени со новиот закон за основно образование, преку кои се придонесува за активна настава, критичко размислување на учениците, потикнување и развој на интелегенцијата кај учениците, бидејќи во учебната година 2022/23 година, не се одвива кабинетска настава, поради голем број на паралелки.

**Подрачје 3 – Училишна клима**

***Индикатори за квалитет:***

**3.1 Училишна клима и односи во училиштето**
**3.2 Еднаквост и правичност**

**3.3 Партнерски однос со заедницата**

**3.4 Севкупна грижа за учениците**

| **Резиме** |
| --- |
| Училиштето „Маршал Тито“ Струмица, е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира меѓуетничка толеранција, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Исто така, училиштето е препознатливо и по тоа што е единственото основно училиште во градот каде наставата се одвива на два наставни јазика (македонски и турски јазик) и вработените и учениците се сензибилизирани за меѓуетничка интеграција. |

| |
|---|
| Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со учество на најголем дел од наставнциите, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура<br><br>Меѓу сите учесници во училишниот живот постои соработка меѓу наставниците, стручната служба, директорот и другиот административно-технички персонал, но постојат докази за нарушени односи меѓу поединци. Се соработува и на ниво на стручни активи по одделенија и наставни предмети околу работи поврзани со воспитно-образовниот процес. Во училиштето не постои говор на омраза,провокации и навреди. Сите субјекти во училиштето максимално се трудат средината да биде поттикнувачка за учениците и да биде пријатна средина за учење<br><br>Училиштето има куќен ред, кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно проширената програма на училиштето.Меѓутоа, мал број од родителите посочија дека не се согласуваат дека училиштето добро се справува со дисциплината. Во училиштето функционира Ученички парламент, кој го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелката. Ученичкиот парламент го одразува етничкиот состав на учениците во училиштео. Во училиштето има Ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето.Постојат најмалку пет реализирани иницијативи на Ученичкиот парламент.Учениците членови на ученичкиот парламент редовно се покануваат и присуствуваат на состаноци на училиштен одбор. |
| **Клучни јаки страни**<br><br>- Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира меѓуетничка толеранција, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница.<br><br>- Училиштето е препознатливо и по тоа што е единственото основно училиште во градот каде наставата се одвива на два наставни јазика (македонски и турски јазик) и вработените и учениците се сензибилизирани  за |

меѓуетничка интеграција, затоа што неколку години наназад во училиштето се реализираат специфични воннаставни МИО активности, по кои е препознатливо во околината.

- Училиштето, за афирмирање на наставните и на воннаставните активности, како и за промовирање на меѓуетничка интеграција, соодветно ги користи различните медиуми(интернет страница, социјални мрежи, локлани медиуми, ученичко катче и сл.).

- Единствено училиште во општината во кое се реализираат најголем број на проекти(проект за Меѓуетничка интеграција во образованието, Јакнење на мултиетничката соработка со општината, Инклузија на деца надвор од образовниот систем  и проектот „Редовно на часови“ – Акција за вклучување на Ромите во образованието и др.). Како резултат на вклученоста на училиштето во проекти преку Детската Фондација Песталоци, на учениците со високи постигања им се овозможува 20 дневен престој во Швајацарија во детското село Песталоци, на размена на ученици од швајцарски училишта, каде заеднички реализираат МИО активности, активности за почитување на правата на децата.).

- Училиштето е препознатливо во средината по идентификувањето  и обезбедувањето материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства.

**Слаби страни**

- Во училиштето нема пишани процедури, за изречување на посебни мерки за наставниците кои ги прекршуваат принципите и правилата на однесување, содржани во Кодексот на однесување.

- На ниво на општина не е достапен понудувач на храна за учениците, така што учениците или носат храна од дома или купуваат од локалните маркети. На локално ниво треба да се посвети внимание на подобра едукација во однос на дополнителни избори за храна и возможен избор за понудувач на храна за учениците.

**Приоритети**

- Во училиштето да се изработат пишани процедури, за изречување на посебни мерки за наставниците кои ги прекршуваат принципите и правилата на однесување, содржани во Кодексот на однесување;

- Во соработка со општина треба да се посвети внимание на едукација во однос на дополнителни извори за храна, да се промовираат можности за поздрава храна во училиштата,  и овозможен избор за понудувач на храна за учениците.

**Подрачје 4 – Управување, раководење и креирање политики**

***Индикатори за квалитет :***

**4.1 Управување и раководење со училиштето**
**4.2 Цели и креирање на училишната политика**

| |
|---|
| **Резиме**<br>Од одговорите на направените истражувања во училиштето со наставниот кадар , родителите и учениците и од интервјуто со дитекторот и стручните соработници и секако фокус групите во училиштето може да се заклучи дека директорот на училиштето е транспарентен во доменот на неговите надлежности. секогаш навремено ги информира вработените за сите новитети кои се случуваат во училиштето и со севкупното работење во училиштето. Исто така училишниот одбор односно членовите на училишниот одбор секогаш донесуваат одлуки по сопствено убедување и според сопствено мислење.<br><br>Она што на училиштето односно на наставниот кадар во училиштето му недостасува и во исто време е и приоритет за следниот период е професионална едукација на наставниот кадар во училиштето за изготвување на програми за ИОП и исто така како залагање и поголем успех за сите во училиштето би било воведување кабинетска настава и опремување на училниците со современи дигитални нагледни средства и помагала кои би овозможиле зголемен квалитет на наставниот процес и секако поголеми резултати кај учениците. |
| **Клучни јаки страни**<br>- Членовите на училишниот одбор одлуките кои ги носат на состаноците ги носат по сопствено убедување и без притисок од останатите членови на УО, или на директорот;<br><br>- Редовно одржување на инфраструктурата;<br><br>- Соработката помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор е на највисоко ниво;<br><br>- Успешна соработка со локалната самоуправа, фирми, институции |
| **Слаби страни**<br>- Родителите делумно се вклучуваат во заеднички активности, едукации и работилници поради |

| |
|---|
| фамилијарно заминување во странство.<br><br>-Училиштето нема воспоставено механизми за пофалување, наградување на наставници кои дополнително се ангажираат и постигнуваат резултати со учениците;<br><br>- Недоволно искуство за работа со деца со посебни потреби, наставникот нема обуки за изработка на ИОП<br><br>- Во училиштето недостасува кабинетска настава и современи нагледни средства (смарт таабли) во повеке училници со што би се подобрил квалитетот на наставниот процес и наставните часови би поефикасни и учениците би постигнале поголем успех |
| **Приоритети**<br><br>- Воспоставување на механизми за пофалување, наградување на наставниот кадар според вложениот труд<br><br>- Обуки за наставниот кадар за изготвување на ИОП<br><br>- Обезбедување услови за кабинетска настава (училнички простории- кабинети со потребните нагледни средства) |

## КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

1. Снежана Узунова- стручен соработник ( психолог)
2. Магдалена Всилева- стручен соработник ( педагог)
3. Трајанка Колева –професор по граѓанско образование
4. Даниела Митева– одделенски наставник

5, Љубинка Цветанова - одделенски наставник

.